( Образец ПП……)

**До: Основен суд – Кратово**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] (се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

____________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Информации за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето регистрирани во периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година во судската статистика (Ве молам погледнете го документот во прилог на ова барање).
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Битола, 10.09.2024 година .** ______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.13/24
11.09.2024 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] примено на 10.09.2024 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово на ден 11.09.2024 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информации од јавен карактер, кои се однесуваат на Статистички податок за случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето, за периодот од 01.01.2022 до 09.09.2024 година, СЕ УВАЖУВА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted], имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

Во Основен суд Кратово во периодот од 01.01.2022 година до 09.09.2024 година нема ниту еден предмет заведен во АКМИС системот кој што се однесува на случаи на дистрибуција на интимни фотографии и видеа без согласност на лицето.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 11.09.2024 година, под СПИ.бр.13/24

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.13/24
11.09.2024 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 10.09.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решението СПИ.бр.13/24 од 11.09.2024 година по бараните информации.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

______________________________